# СТАНДАРДИ ЗА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД V ДО VIII ОДДЕЛЕНИЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## ВОВЕД

Целта на настојувањата за промени во образованието, а со тоа и промени во наставниот предмет македонски јазик е да се постигне прифатлив квалитет во различните аспекти (елементи) на неговата дејност, но, пред се, се очекува сите тие напори да резултираат со повисок квалитет во постигањата на учениците. За да можат сите учесници во образовниот процес да имаат подеднакво гледање на постигањата на учениците, потребно е тие јасно и прифатливо да се дефинираат.

Со таа цел направен е обид за изготвување и стандардизирање на постигањата на учениците во предметната настава од V до VIII одделение на основното образование.

Стандардите претставуваат прифатени описи на нивоата на квалитет и квантитет на знаењата што се очекува учениците да ги постигнат на крајот на определен период (наставна година; наставен циклус) на образованието.

Во основа, постигањата на учениците треба да се определени со секоја наставна програма по одделенија. Во наставните програми е определено она што учениците знаат и можат како резултат на усвојувањето на содржините што се предвидени во наставните програми. Во однос на ваквите определби во наставните програми, стандардите претставуваат конкретизирање и диференцирање на постигањата по нивоа. Токму ваквото конкретизирање и диференцирање на постигањата на учениците овозможува објективно и валидно гледање на нивните постигања и го олеснува нивното мерење, вреднување и оценување. Под оценување во најширока смисла се подразбира процес на прибирање и интерпретирање информации за учењето и постигањата на учениците.

Под стандард се подразбира опис на потребното ниво на квалитет според кој може да се проценува практиката, без да се даваат прецизни проценки за степенот на исполнетоста на барањата.

Потребата за изработка на стандарди на постигањата на учениците по македонски јазик произлегува и од поставките во Концепцијата за основно образование според која на наставниците им се овозможува поголема слобода во изборот на содржините во дадените наставни програми и во методскиот приод и во срединските фактори при нивната обработка (образовна технологија). Овие поставки, од друга страна, ја наметнуваат потребата од експлицитно определување и вреднување на ефектите што се очекува да се постигнат во наставната работа по македонски јазик во основното образование.

Определбите за екстерно мерење и вреднување на постигањата на учениците на крајот на образовните циклуси (учебни години – одделенија), поконкретно очекуваме да ги дадат основите на националното оценување на постигањата на учениците во предметната настава по наставниот предмет македонски јазик, што е уште една значајна причина за определување на стандардите што ќе овозможат прифатливо вреднување и оценување на постигањата на учениците по македонски јазик во основното образование. Стандардите во наставните програми по македонски јазик (од V доVIII одделение) произлегуваат од претпоставените цели и конкретните цели на наставните програми дефинирани во компоненти на изучување на македонскиот јазик. Тие претставуваат основа на која се темелат целите и содржините на наставните програми, а нивната примена претставува почитување, придржување и примена на принципите на поучување, примена на актуелните методолошки и методски решенија и упатства кои се научно издржани и проверени во изучувањето на македонскиот јазик.

**V ОДДЕЛЕНИЕ**

**Наставен предмет:  македонски  (V одделение)**

Програмско подрачје:  Јазик
Тема 1: Развој на македонскиот јазик

| Знаење и способности | Стандард | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | Ученикот/ученичката:<br>- го знае значењето на јазикот како средство за општење;<br>- разликува текстови на народен јазик и уметнички јазик. | |
| 2.Разбирање | - Објаснува зборови од народните говори на литературен јазик. | |
| 3. Применување | - Испробува да пронајде литературни зборови за зборови од народните говори . | |
| 4. Анализа, синтеза и вреднување | - Пребарува зборови од народните говори применливи во стандардниот јазик. | |

Тема:  Фонетика и фонологија

| Ниво на размислување | Стандард | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Набројува самогласки и согласки;<br>- разликува слоговно и неслоговно р;<br>- покажува точно акцентирани зборови. | |
| 2. Разбирање | - Оврзува звучни и безвучни парници;<br>- препознава вид на гласовна промена;<br>- дава примери за бележење на слоговното р;<br>- проценува точно акцентирани зборови. | |
| 3. Применување | - Го толкува значењето на фонемата;<br>- прави двојки од зборови со менување на согласки во зборовите;<br>- покажува носители на слогови во зборови;<br>- применува правописни правила за гласовните промени; | |

| | | |
|---|---|---|
| | - дели зборови на слогови  за одредување акцент. | |
| 4.Анализа,синтеза и вреднување | - Групира гласови за создавање нов збор;<br>- објаснува настаната гласовна промена;<br>- конструира повеќесложни зборови за одредување на акцентот. | |

Тема: Морфологија

| Ниво на размислување | Стандард | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Групира видови зборови и зборовни групи:<br>- разликува општи и сопствени именки;<br>- наведува граматички категории на глаголи;<br>-препознава заменки според видот. | |
| 2. Разбирање | - Препознава подгрупи на видовите именки;<br>- дава примери за промена на граматичките категории на глаголите; | |

| | | |
|---|---|---|
| | - објаснува граматички категории на заменките. | |
| 3. Применување | - Покажува граматички категории кај именките;<br>- покажува безлични глаголи и видски двојки;<br>–свршени и несвршени глаголи;<br>- користи долги и кратки форми на личните заменки. | |
| 4. Анализа,синтеза и вреднување | - Споредува промени на формата на именките во множина и именките за еден и повеќе предмети;<br>- споредува прости и сложени глаголски форми;<br>- прави разлика во правописот кај кратките заменски форми – апострофот. | |

Тема: Синтакса

| Ниво на размислување | Стандард | |
| --- | --- | --- |
| 1. Помнење | - Одбира логични реченици;<br>- разликува проста и сложена реченица;<br>- разликува главни членови на реченицата – подмет и прирок. | |
| 2. Разбирање | - Поврзува зборови во логични реченици;<br>- дава примери за проста и сложена реченица;<br>- објаснува функција на подмет и прирок;<br>- препознава видови реченици според комуникативната функција. | |
| 3. Применување | - Применува логични реченици во изразувањето;<br>- конструира прости во сложени реченици;<br>- конструира реченици по даден подмет и прирок;<br>- менува реченици од еден во друг вид. | |
| 4. Анализа,синтеза и | - Разликува безлични | |

| | | |
|---|---|---|
| вреднување | реченици;<br>- конструира реченици според комуникативната функција. | |

Тема: **Правопис**

| **Ниво на размислување** | **Стандард** | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува правилна поделба на зборовите на слогови;<br>- лоцира  едначење на согласките по звучност;<br>- регистрира употреба на правописни знаци. | |
| 2. Разбирање | - Препознава слеано и разделно пишување на зборовите и правописните знаци;<br>- дава примери за поделба на зборовите на слогови во разни писмени ситуации;<br>- препознава зборови во кои се врши обезвучување на согласките;<br>- препознава директен и | |

| | | |
|---|---|---|
| | индиректен говор. | |
| 3. Применување | - Применува правопис за едначење и обезвучување на согласките;<br>- конструира реченици од директен во индиректен говор користејќи правописни знаци. | |
| 4. Анализа,синтеза и вреднување | - Објаснува гласовни промени;<br>- разграничува употреба на правописните знаци според видот на реченицата и јазичната ситуација. | |

**Тема: Речник и стил**

| **Ниво на размислување** | **Стандард** | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува основно и преносно значење на зборовите. | |
| 2. Разбирање | - Препознава второ значење на зборовите. | |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Применување | - Применува зборови во нивното основно и преносно значење. | |
| 4. Анализа, синтеза и вреднување | | |

**Подрачје: Литература**
**Тема: Литература – класификација на литературата**

| Ниво на размислување | Стандард | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува уметнички текст од други видови текстови;<br>- именува народен и уметнички текст;<br>- разликува лирски, епски и драмски текст. | |
| 2. Разбирање | - Објаснува елементи на уметники текст;<br>- дефинира разлики меѓу народен и уметнички текст;<br>- дискутира за особините на лирски, епски, драмски творби. | |
| 3. Применување | - Демонстрира свои примери за уметничко изразување; | |

| | | |
|---|---|---|
| | - користи знаења за творење лирска и епска творба. | |
| 4.Анализа, синтеза и вреднување | - Дебатира за лирски, епски и драмски текстови;<br>- подготвува кус драмски текст. | |

**Тема: Поезија**

| Ниво на размислување | Стандард | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува лирска и епска песна;<br>- знае стилски фигури. | |
| 2. Разбирање | - Објаснува чувство во лирска песна и настан во епска песна;<br>- објаснува стилски фигури. | |
| 3. Применување | - Применува знаења за лирска песна при творењето;<br>- конструира примери со стилски фигури. | |
| 4. Анализа, синтеза и вреднување | - Анализира лирска и епска песна; | |

| | | |
|---|---|---|
| | - комбинира стилски фигури при создавање лирска песна. | |

**Тема: Проза**

| Ниво на размислување | Стандард | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува проза како раскажувачки текст;<br>- знае поделба на народните приказни;<br>- групира ликови на јунаци, помошници и противници. | |
| 2. Разбирање | - Прераскажува прозни текстови;<br>- прераскажува фабула на народни приказни;<br>- препознава физички карактеристики на ликовите. | |
| 3. Применување | - Менува звршен дел од прозна творба;<br>- толкува карактерни особини на ликовите. | |
| 4. Анализа, синтеза и вреднување | - Оценува постапки на ликови во творби;<br>- анализира содржина на прозна творба. | |

**Подрачје: Изразување и творење**
**Тема: Раскажување, прераскажување, опишување и известување**

| Ниво на размислување | Стандард | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Дава примери за јасни и логични прашања и одговори;<br>- пишува состав за лични доживувања;<br>- разликува раскажување и прераскажување. | |
| 2. Разбирање | - Прераскажува по хронолошки ред;<br>- препознава описи - ликови, предмети, појави пејзажи. | |
| 3. Применување | - Применува знаења за портретирање на лик и личност;<br>- прави пејзаж;<br>- пробува да напише известување. | |
| 4.Анализа, синтеза и вреднување | - Раздвојува позначајни моменти при изразувањето;<br>- прави избор на јазични | |

| | | |
|---|---|---|
| | средства при творење;<br>- прави известување со соодветни стилски особини. | |

Програмско подрачје: Медиумска култура
Поттема: Театар-филм-радио и ТВ-печат и библиотека

| | Стандард | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Знае  основни елементи за театарска претстава;<br>- знае основни информации кога настанал филмот во Македонија;<br>- разликува радио и ТВ емисии;<br>- знае содржина на детски печат. | |
| 2. Разбирање | - Препознава елементи на драмското дело;<br>- идентификува филмски родови;<br>- прегледува содржина на детски печат. | |
| 3. Применување | - Користи костимографија за театарска претстава;<br>- толкува текстови од детски печат. | |

| | | |
|---|---|---|
| 4.Анализа, синтеза и вреднување | - Дава критика за текст во детски печат. | |

# VI одделение

**Наставен предмет**: **Македонски јазик**
**Програмско подрачје**: **Јазик**

**Тема 1: Варијанти на старословенскиот јазик**

| **Ниво на размислување** | **Стандарди** | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | Ученикот/ученичката:<br>- знае за варијантите на старословенскиот јазик;<br>- разликува текстови напишани на некој од народните македонски говори од уметничките. | |
| 2. Разбирање | - Препознава специфики на македонската варијанта (ерови, носовки). | |
| 3. Применување | - Покажува примери (зборови) со еровите и носовките за нивно преминување во ***о*** и ***е***. | |

**Тема 2:  Фонетика**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува слоговно и неслоговно ***р;***<br>- разликува вид на согласки според начинот на образување;<br>- знае точно да ги акцентира зборовите. | |
| 2. Разбирање | - Препознава која согласка, според начинот на образување, ќе ја пишува на крајот на зборот;<br>- дава примери за правилно акцентирање на сложените зборови и на броевите;<br>- препознава отстапување од третосложното акцентирање. | |
| 3. Применување | - Применува правила за акцентирање на сложените зборови и на броевите;<br>- толкува искучоци од правилата за третосложното акцентирање. | |
| 4. Анализирање | - Пребарува сложени и туѓи зборови одредувајќи го акцентот. | |

**Тема 3: Морфологија**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Препознава зборови од именската група;<br>- наведува граматички категории кај именките;<br>- разликува граматички категории кај глаголите;<br>- разликува видови придавки. | |
| | - Поврзува граматички категории кај | |

| | | |
|---|---|---|
| 2. Разбирање | именската група зборови;<br>- дава примери за граматичките категории на глаголите и именките;<br>- поврзува придавки во соодветна форма во составот на именската група. | |
| 3. Применување | - Менува именки  видови множина (од обична во збирна и избројана);<br>- прави трансформација на несвршени во свршени глаголи и обратно;<br>- толкува поим време кај глаголите;<br>- применува степенување на придавките. | |
| 4. Анализирање | - Поврзува исти глаголи поставени во временската оска минатост, сегашност и идност;<br>- споредува бројни форми за лица. | |

**Тема 4:  Синтакса**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува подмет и прирок како главни членови во реченицата;<br>- лоцира предмет и атрибут во реченицата. | |
| 2. Разбирање | - Објаснува глагол во функција на прирок;<br>- дава примери со предмет во реченици;<br>- поврзува именки со соодветни атрибути. | |
| 3. Применување | - Толкува лични и нелични галголски форми;<br>- применува атрибути во творењето. | |
| 4. Анализирање | - Менува начински глаголски форми од еден во друг вид; | |

| | | |
|---|---|---|
| | - истражува значење на предмет и атрибут во реченица. | |

**Тема 5: Речник и стил**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува синоними, антоними, пароними, хомоними и неологизми. | |
| 2. Разбирање | - Објаснува синоними, антоними, пароними, хомоними и неологизми. | |
| 3. Применување | - Прменува синоними, антоними, хомоними, пароними и неологизми во изразувањето. | |
| 4. Анализирање | - Споредува лексичко и граматичко значење на зборовите. | |

**Програмско подрачје:** Литература

**Тема 1: Поезија**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува видови лирски песни според мотивот;<br>- цитира рими во песни;<br>- именува стилски фигури во творби. | |
| 2. Разбирање | - Дискутира за мотиви во лирски песни;<br>- објаснува организација на стихови во строфи (двосложни, трисложни, катрени, моностих);<br>- толкува стилски фигури. | |
| 3. Применување | - Користи знаења за лирски песни при творењето творби; | |

| | | |
|---|---|---|
| | - применува знаења за стилски фигури при изразување и творење;<br>- користи визуелни и аудитивни елементи. | |
| 4. Анализирање | - Анализира композиција на лирска песна;<br>- пребарува примери со видови рими според акцентот и примери со стилски фигури. | |

**Тема 2: Проза**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува фабула од содржина;<br>- именува раскажувач во прво и трето лице;<br>- чита митови, легенди и преданија;<br>- разликува комедија, трагедија, современа драма. | |
| 2. Разбирање | - Дискутира за тема и идеја во текст;<br>- објаснува форма на раскажување (прво лице, трето лице и сезнаечки раскажувач);<br>- препознава мит, легенда и предание;<br>- прераскажува фабула и содржина на текст. | |
| 3. Применување | - Испробува да формулира тема и идеја;<br>- применува форми на раскажување во прво и во трето лице;<br>- толкува елементи на мит, предание и легенда;<br>- драматизира текст. | |
| 4. Анализирање | - Споредува видови драми;<br>- прави ѕиден весник групирајќи творби од македонскиот фолклор. | |

**Програмско подрачје:** Изразување и творење
**Тема 3: Раскажување, прераскажување, опишување и известување**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Дава пример за раскажување, прераскажување, опишување и известување. | |
| 2. Разбирање | - Прераскажува хронолошки и ретроспективно;<br>- опишува лик, личност, пејзаж;<br>- разликува соопштение, вест, директен и индиректен исказ. | |
| 3. Применување | - Демонстрира стилски збогатено хронолошко и ретроспективно раскажување и прераскажување;<br>- детално опишува лик, личност, предмет, природна појава;<br>- прави трансформирање на директен во индиректен исказ и обратно;<br>- толкува соопштение и вест. | |
| 4. Анализирање | - Анализира постапки на лик и личност;<br>- подредува поинакво продолжување или крај на тескт;<br>- критикува;<br>- дебатира за гледана претстава (филмска, театарска) или ТВ - емисија;<br>- анкетира мислења за соодветно соопштение или вест. | |

**Програмско подрачје:** Медиумска култура

**Тема: Видови филмови и видови емисии (радио и ТВ), делови од печатено дело**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува видови филмови (според намената и содржината; цртан и документарен филм). | |
| 2. Разбирање | - Прераскажува филмови, забавни и ТВ емисии;<br>- препознава делови на книгата. | |
| 3. Применување | - Толкува филмови, претстави, емисии (радио и ТВ);<br>- толкува делови на книгата. | |
| 4. Анализирање | - Анализира содржина и ликови во филмовите;<br>- дава критики за претстави за радио и ТВ - емисии. | |

# VII одделение

**Наставен предмет**: **Македонски јазик**

**Програмско подрачје**: Јазик

**Тема 1: Историја на македонскиот јазик**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Знае за македонската преродба и за македонските автори од 19 век. | |
| 2. Разбирање | - Препознава елементи од македонската варијанта на старословенскиот јазик;<br>- поврзува елементи на јазикот во творбите на македонските писатели од 19 век и од преродбата. | |
| 3. Применување | - Изложува заеднички елементи на јазикот на кој твореле македонските писатели од 19 век. | |

**Тема 2: Фонетика**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува редување и испуштање на гласови во зборовите;<br>- дава примери за акцентски целости. | |
| 2. Разбирање | - Дава примери за редување и испуштање на гласовите во зборовите. | |
| 3. Применување | - Толкува редување и испуштање на гласовите во зборовите;<br>- применува акцентски целости. | |

| | | |
|---|---|---|
| 4. Анализирање | - Пребарува дополнителни знаења за редување и испуштање на гласови и за акцентските целости. | |

**Тема 3:  Морфологија**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува заповеден и можен начин;<br>- разликува глаголи во предминато, минато – идно и идно прекажано време. | |
| 2. Разбирање | - Дава примери за заповеден и можен начин;<br>- објаснува употреба на предминато, минато идно и идно прекажано време;<br>- препознава предлози и сврзници. | |
| 3. Применување | - Менува глаголи од заповеден во исказен и можен начин и обратно;<br>- применува глаголи во трите глаголски времиња  (предминато, минато, идно и идно прекажано) при изразувањето, усно и писмено;<br>- толкува употреба на предлози и сврзници. | |
| 4. Анализирање | - Истражува во врска со употребата на глаголските времиња, предлозите и сврзниците. | |

**Тема 4:  Морфосинтакса**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Наведува функции на именските зборови во реченицата. | |
| 2. Разбирање | - Толкува функции на именските зборови во реченицата. | |
| 3. Применување | - Применува именски зборови со различни функции во речениците. | |
| 4. Анализирање | - истражува специфики во примената на именските зборови во речениците. | |

**Тема 5:  Синтакса**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Знае структура на проста и сложена реченица. | |
| 2. Разбирање | Препознава независносложени и зависносложени реченици;<br>- препознава сврзнички и бесврзнички сложени реченици. | |
| 3. Применување | - Применува независносложени и зависносложени реченици;<br>- менува сврзнички во бесврзнички реченици и обратно. | |
| 4. Анализирање | -Анализира структура на проста и сложена реченица. | |

**Тема 6: Речник и стил**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува црковнословенизми, дијалектизми, неологизми, интернационализми. | |
| 2. Разбирање | - Дава примери за дијалектизми, неологизми и интернационализми. | |
| 3. Применување | - Толкува дијалектизми, неологизми и интернационализми. | |
| 4. Анализирање | - Истражува примери за дијалектизми, неологизми и интернационализми. | |

**Програмскко подрачје: Литература**
**Тема 1: Поделба на литературата**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Знае во кој литературен род припаѓаат творбите. | |
| 2. Разбирање | - Дискутира за спецификите на трите литературни родови. | |
| 3. Применување | - Демонстрира примери на текстови од трите литературни родови. | |

**Тема 2: Драма**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува елементи на драмски текст;<br>- знае што е дијалог и мнолог;<br>-менува трагедија, комедија, современа драма. | |
| 2. Разбирање | - Дискутира за елементите на драмски текст;<br>- прераскажува драмски текст;<br>- дискутира за елементите на трагедијата, комедијата и современата драма. | |
| 3. Применување | - Испробува да напише некои од елементите на драмскиот текст (афиш, пролог, исказ на лик и сл.);<br>- демонстрира дијалог од драмски текст и комуникациски дијалог;<br>- драматизира прозен текст. | |
| 4. Анализирање | - Анализира двојна природа на драмски текст;<br>- експериментира настап со монолог;<br>- дебатира за поимите комично – сатирично, трагично – трагикомично. | |

**Тема 3 – Роман**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува роман наспроти расказ, според белезите;<br>- именува вид на роман според содржината;<br>- разликува видови лирски песни и видови стилски фигуре> | |
| 2. Разбирање | - Објаснува специфики на видовите романи;<br>- прераскажува извадоци од романи со нагласување на нараторот;<br>- објаснува мотиви во видовите лирски песни;<br>- дава примери за стилските фигури. | |
| 3. Применување | - Толкува атрибути на ликовите во романите;<br>- применува знаења за лирските песни при творењето (мотиви, стилски фигури);<br>- толкува лирски и епски елементи во поема. | |
| 4. Анализирање | - Анализи и извадоци од видовите романи;<br>- споредува дијалози во роман и во драма;<br>- открива преплетување на мотиви во една лирска песна;<br>- анализира поема. | |

**Програмско подрачје: Изразување и творење**
**Тема 1: Раскажување, прераскажување, опишување**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува хронолошко ретроспективно раскажување и прераскажување;<br>- одбира описи во творбите. | |
| 2. Разбирање | Раскажува и прераскажува хронолошки ретроспективно (пртстава, филм, доживување);<br>- опишува лик и личност, екстериер и ентериер. | |
| 3. Применување | - Користи соодветни изразни средства и елементи при раскажувањето, прераскажувањето и опишувањето;<br>- менува дијалози од раскажувачки текстови во драмски дијалози. | |
| 4. Анализирање | - Спротивставува лични ставови за животни појави (усно и писмено);<br>- дебатира за одредени животни појави. | |

**Тема 2: Известување, интервју, записник и реферат**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Знае што се известување, интервју, записник и реферат. | |
| 2. Разбирање | - Објаснува што содржи известувањето, интервјуто, записникот и рефератот. | |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Применување | - Применува знаења во пишување известување, записник и реферат селектирајќи податоци и обликувајќи ги технички. | |
| 4. Анализирање | - Формулира тема и куси и јасни прашања за правење интервју. | |

**Програмско подрачје:** Медиумска култура

**Тема 1: Театар**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува поими режисер, костимограф, сценограф, кореограф. | |
| 2. Разбирање | - Дискутира за улогата на режисерот, костимографот, сценографот, кореографот. | |
| 3. Применување | - Толкува време и простор во театарска претстава и во филмска претстава. | |

**Тема 2: Филм**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува филмска идеја, синописис и сценарио. | |
| 2. Разбирање | - Објаснува елементи на филмска идеја, синопсис и сценарио. | |
| 3. Применување | - Толкува едукативна улога на научно-популарни филмови. | |
| 4. Анализирање | - Споредува драмски текст и сценарио за филм (сличности и разлики). | |

# VIII одделение

**Наставен предмет**: **Македонски јазик**

**Програмско подрачје**: Јазик

**Тема 1: Историја на македонскиот јазик**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Ја наведува улогата на К. П. Мисирков и Блаже Конески за стандардизација на македонскиот јазик. | |
| 2. Разбирање | - Дискутира за книгата „За македонцките работи" (деновите кои | |

| | | |
|---|---|---|
| | се однесуваат на јазикот);<br>- коментира за јазикот во творбите од македонските автори меѓу двете светски војни;<br>- објаснува за значењето на Блаже Конески во врска со кодификацијата на македонскиот јазик (Правопис, Речник, Граматика). | |
| 3. Применување | - Ги толкува предлозите и ставовите на К. П. Мисирков за македонскиот јазик;<br>- демонстрира користење Правопис, Граматика и Речник. | |
| 4. Анализирање | - Анализира творби од периодот меѓу двете светски војни. | |

**Тема 2: Фонетика**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Дава примери за акцентирање на зборовите од туѓо потекло. | |
| 2. Разбирање | - Проценува место на акцентот на туѓите зборови. | |

**Тема 3: Морфологија**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува глаголски конструкции со <u>има</u> и <u>нема</u>;<br>- наведува моделни зборови и | |

| | | |
|---|---|---|
| | извици од текстови. | |
| 2. Разбирање | - Препознава преодност и залог кај глаголите;<br>- објаснува модални зборови и извици во различни ситуации и за различни ставови. | |
| 3. Применување | - Применува преодност и залог во изразувањето;<br>- конструира примери со има/нема глаголски конструкции;<br>- демонстрира модални зборови за да изрази различни ставови. | |

**Тема 4: Синтакса**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува зависносложени и независно сложени реченици. | |
| 2. Разбирање | - Препознава различни видови зависни и независни реченици во творењето. | |
| 3. Применување | - Применува различни видови зависни и независни реченици во творењето. | |
| 4. Анализирање | - Осмислува прости реченици проширувајќи ги во сложени. | |

**Тема 5:  Стилистика**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува текстови со различни функционални стилови (научен, административен, литературен). | |
| 2. Разбирање | - Дискутира за функционалните стилови. | |
| 3. Применување | - Испробува  да напише  текст со еден од функционалните стилови. | |

**Наставно подрачје: Литература**
**Тема 2:  Видови текстови**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува видови текстови. | |
| 2. Разбирање | - Дискутира за содржината на видовите текстови. | |
| 3. Применување | - Толкува функции на видовите етекстови. | |
| 4. Анализирање | - Дава критика за видовите текстови (што им забележува, што предлага). | |

**Тема 2: Литературата како уметност – поделба на литературата**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува уметнички текст од текстови за комуникација;<br>- чита уметнички текст почитувајќи ги неговите уметнички елементи. | |
| 2. Разбирање | - Толкува белези на творби од трите литературни родови;<br>- дискутира за белезите на уметничкиот текст;<br>- прераскажува текстови од трите литературни родови. | |
| 3. Применува | - Демонстрира извадоци од антологиски текстови (од трите литературни родови) со толкување на уметничкиот полнеж во нив. | |

**Тема 3: Лирика**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Знае белези на лириката како литературен род;<br>- разликува елегија, балада, романса. | |
| 2. Разбирање | - Дискутира за особеностите на елегијата, баладата и романсата;<br>- препознава учени стилски фигури во поетските творби. | |
| 3. Применување | - Користи знаења во творењето | |

| | | |
|---|---|---|
| | поетска твроба. | |
| 4. Анализирање | - Анализира поетски творби;<br>- истражува надворешни разлики и внатрешни сличности меѓу песни во стих и песни во проза. | |

**Тема 4: Епика**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува белези на етиката во однос на другите литературни родови;<br>- именува видови романи според темата. | |
| 2. Разбирање | - Препознава белези на епските текстови во стихови и во проза;<br>- објаснува видови романи според тематската поделба. | |
| 3. Применување | - Толкува белези и содржина на извадоци од видовите романи. | |
| 4. Анализирање | - Споредува фабула и сиже на епска творба. | |

**Тема 5: Драма**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува драмски од епски и лирски текст;<br>- чита драмски текстови. | |
| 2. Разбирање | - Објаснува белези на трагедија и | |

| | | |
|---|---|---|
| | комедија. | |
| 3. Применување | - Толкува врска на текстот (драмата) и неговата изведба на сцена (претстава). | |
| 4. Анализирање | - Анализира внатрешни белези на драмски текст: дијалог на ликови, невидлив наратор, фабула и конфликт. | |

**Тема 6: Научно – литературни видови**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Помнење | - Разликува биографија, автобиографија, патопис и мемоар. | |
| 2. Разбирање | - Објаснува белези на научно-литературните творби;<br>- прераскажува изводоци од научно – литературни творби. | |
| 3. Применување | - Демонстрира писмена симулација на видовите научно-литературни творби. | |

**Наставно подрачје: Изразување и творење**
**Тема 1: Раскажување, прераскажување, опишување и известување**

| | |
|---|---|
| 1. Помнење | - Одбира битни елементи при раскажувањето, прераскажувањето и опишувањето; |

| | |
|---|---|
| | - знае елементи на конкретно и јасно известување;<br>- пишува молба, пријава, телеграма. |
| 2. Разбирање | - Прераскажува и опишува сликовито портрети на лик, настан, филм;<br>- дава примери за пишување желба, приговор, формулари. |
| 3. Применување | - Демонстрира писмена симулација на видовите научно-литературни творби. |

**Наставно подрачје: Медиумска култура**
**Тема 1 – Печатени  и електронски медиуми**

| | |
|---|---|
| 1. Помнење | - Знае за првите печатени и електронски медиуми во Македонија. |
| 2. Разбирање | - Дава коментари за прочитан текст во весниците или гледана ТВ – емисија. |
| 3. Применување | - Демонстрира свои видувања за одредени теми за кои би пишувал во медиумите. |
| 4. Анализирање | - Дебатира за одредена тема која ја следел во пишаните или во електронските медиуми. |